ДП бр. 13/2025

**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Суроји и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот И.И од С. по одржаната расправа во согласност со член 20 и 21 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 13.11.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Нотарот И.И од С., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметот ОДУ бр.488/2023 од 17.7.2023 година, одбил да преземе службено дејствие по барање за издавање на препис на Солемнизираната приватна исправа-Договор за доживотна издршка, кое барање било поднесено до Нотарот на ден 28.01.2025 година, од адвокат В.Ѓ како полномошник на С.М, давател на издршка на А.Б. и во рок од три дена не донел писмено решение со образложение за причините поради кои се одбива преземање на службеното дејствие, со што постапил спротивно на член 30 став (5) од Законот за нотаројатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **писмена опомена.**

**Претседател на Советот,**

**Елена Милушева Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата на НКРСМ;
- По конечноста до Министерство за правда;